**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-18/20
20.11 2017 год.
СКОПЈЕ

FON
FIRST PRIVATE UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 198**

**Скопје, 20.11.2017**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден соработник од област информатика..................3119

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Првиот Приватен Универзитет - ФОН, Скопје, на својата седница одржана на 13.09.2017 год., по завршениот Конкурс за избор на соработник од областа на информатика, објавен на ден 07.07.2017 год. во дневниот весник "Нова Македонија" формира Рецензентска комисија во состав:

**1. Доц. д-р Леонид Џиневски, претседател**
**2. Доц. д-р Ќире Јаќимоски, член**
**3. Доц. д-р Ѓорги Какашевски, член**

Во тоа својство, по запознавањето со материјалите од Конкурсот, комисијата го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот што го распиша Факултетот за информатика, при Првиот Приватен Универзитет – ФОН, во дневниот весник "Нова Македонија" од 07.07.2017 година се пријави кандидатот:

1. **Елвис Имероски**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

1. Кандидатот м-р **Елвис Имероски**, е роден во село Октиси, Струга на 23 Ноември 1983 година. Средно-хемиско образование има завршено во С.О.У. „Нико Нестор" во Струга. Во 2002 година е запишан на додипломски студии на Европски Универзитет во Скопје, на Факултетот за информатика и истите ги има завршено 2008 година (просек 8,2). Во 2009 година е запишан на специјалистички и магистерски студии на Првиот Приватен Универзитет – ФОН во Скопје, на Факултетот за информациско – комуникациски технологии и истите ги има завршено 2014 година (просек 9,00 и 8,87) со одбрана на магистерскиот труд „Анализа и бенчмаркирање на системи со високи перформанси и евалуација на паралелни имплементации на пакети за општа намена", притоа стекнувајќи се со звање магистер по информациско – комуникациски технологии. За време на додипломските студии изработил голем број на семинарски работи и практични проекти. Има работено на неколку апликативни проекти. Од 2009 е вработен на позиција администратор во ИТ секторот на Првиот Приватен Универзитет – ФОН. Има објавено 1 труд на меѓународна конференција. Област на истражување му се мрежи и системи со високи перформанси.

## II. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целосниот преглед на изнесените податоци за научната и стручната дејност, Рецензионата комисија констатира дека кандидатот **Елвис Имероски** во целост ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование и одредбите од Статутот на Првиот Приватен Универзитет – ФОН, за избор на соработник во област информатика.

Комисијата има чест да му предложи на Наставно научниот совет на Факултетот за информатика во состав на ФОН универзитетот - да го избере во звање асистент од областа на информатика кандидатот м-р Елвис Имероски.

**Доц. д-р Леонид Џиневски, с.р.**

**Скопје, октомври 2017 година**

______________________________

**Доц. д-р Ќире Јаќимоски, с.р.**

______________________________

**Доц. д-р Ѓорги Какашевски, с.р.**

______________________________